Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

**Republic of North Macedonia**
**Ss. Cyril and Methodius in Skopje**
**Faculty of Medicine**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-3524/80 од 22.09.2020 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник 411 од 05.11.2018 година), Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
***за избор на демонстратори***

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2020/2021 година, и тоа за:

***I. Катедра за физиологија*** – 1 демонстратор за:

- предметите: *Физиологија на клетка* и *Физиологија 1 и 2* од студиската програма по општа медицина и
- предметот *Физиологија* од останатите студиски програми од тригодишните стручни студии.

***II. Катедра за анатомија*** – 3 демонстратори за:

- предметите *Анатомија 1, Анатомија 2 и Анатомија 3* од студиската програма по општа медицина
- предметот *Анатомија со хистологија* од студиските програми за тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар, дипломиран физиотерапевт и дипломиран логопед
- предметите *Анатомија 1 и Анатомија 2* од студиската програма за тригодишните стручни студии за дипломиран радиолошки технолог и студиската програма по дентална медицина за студентите на Стоматолошкиот факултет и
- предметот *Анатомија и физиологија* од студиската програма за магистер по фармација.

***III. Катедра за биохемија и клиничка биохемија*** – 1 демонстратор за:

- предметите: *Биохемија 1 и Биохемија 2* за студентите по студиската програма по општа медицина.

***IV. Катедра за медицинска физика*** – 2 демонстратори за:

- предметот *Биофизика* од студиската програма по општа медицина и

- предметите *Биофизика, Радијациона физика и Општа фотографија* за студиските програми од тригодишните стручни студии.

***V. Катедра за медицинска хемија –*** 1 демонстратор за:

- предметот *Медицинска хемија* од студиските програми по општа медицина и тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/медицински техничар и дипломиран физиотерапевт и
- предметот *Медицинска хемија* од студиската програма по дентална медицина за студентите на Стоматолошкиот факултет.

***VI. Катедра за патологија*** – 2 демонстратори за:

- предметите *Патологија 1* и *Патологија 2* од студиската програма по општа медицина.

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или
- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии (за Катедрата по медицинска физика - предметот Биофизика, да се дипломирани на Природно математичкиот факултет во Скопје – отсек физика).

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија);
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан

Проф.д-р Соња Топузовска